АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1008/2023
14.09.2023 година
Ш Т И П

Судскиот администратор на Апелационен суд Штип Александар Парчеклиев, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22)) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место и звање Виш судски референт- дактилограф - 9 ( девет ) извршители, по доставениот Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.951/2023-4 од 13.09.2023 година, на ден 14.09.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За работно место со звање Виш судски референт - дактилограф категорија Г, ниво Г2, 9 (девет) извршители, се избираат кандидатите:

1. Душанка Манова, со освоени 25,68 бода

2. Соња Плешкова, со освоени 25,35 бода

3. Сузана Димитрова, со освоени 24,68 бода

4. Жаклина Насева, со освоени 24,68 бода

5.Валентина Балванлиева, со освоени 24,35 бода

6.Ленче Зикова, со освоени 24,35 бода

7.Габриела Хаџи Василева, со освоени 23,70 бода

8. Љубица Иванова, со освоени 23,02 бода

9. Славица Арсовска, со освоени 22.03 бода

За избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд во Штип на веб страната на судот и на огласна табла на судот, на ден 01.09.2023 год. објавен е Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место и звање Виш судски референт- дактилограф, категорија Г, ниво Г2, 9 ( девет) извршители, а врз основа на добиена согласност од Министерство за финансии бр.18-4039/2 од 10.03.2023 година и бр.18-4039/6 од 25.05.2023 година. .

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на

административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас доставена е Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.951/2023-4 од 13.09.2023 год.

Со Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување ги предложи следните девет кандидати според конечната ранг листа и тоа судските референти : Душанка Манова, со освоени 25,68 бода, Соња Плешкова, со освоени 25,35 бода, Сузана Димитрова, со освоени 24,68 бода, Жаклина Насева, со освоени 24,68 бода, Валентина Балванлиева, со освоени 24,35 бода, Ленче Зикова, со освоени 24,35 бода, Габриела Хаџи Василева, со освоени 23,70 бода, Љубица Иванова, со освоени 23,02 бода и Славица Арсовска, со освоени 22.03 бода, како најдобро рангирани 9 кандидати на ранг листата во сите фази на селекција за унапредување за работното место Виш судски референт дактилограф, категорија со ниво Г2.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување Су.бр.951/2023-4 од 13.09.2023 година, за работното место Виш судски референт- дактилчограф, категорија со ниво Г2 ги избра горе наведените кандидати.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Александар Парчеклиев с.р.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена до Советот на судска служба.